ИЗВЕСТУВАЊЕ

До акционерите на ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово

Се известуваат акционерите на ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово, кои заклучно со 04.03.2024 година ја немаат прифатено Понудата на Орка Холдинг АД Скопје („Преземач“) за преземање на ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово, објавена во дневниот весник „Слободен Печат“ на ден 20.02.2024 година, дека рокот за прифаќање на Понудата за преземање, објавен во точка 5 од Понудата, нема да тече во периодот од 05.03.2024 година до 06.03.2024 година, заради постапување по Решение на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија број УП1 10-197 од 04.03.2024 година, со кое Комисијата го задолжува Преземачот да изврши ажурирање на Проспектот за понудата за преземање на ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово во делот на податоците за членовите на Одборот на директори на Преземачот.

Ажурираниот Проспект ќе биде објавен на ист начин како и веќе објавениот Проспект, одобрен со Решение број УП 10-197 од 09.02.2024 година на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија.

Рокот за прифаќање на Понудата за преземање на ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово ќе продолжи да тече на 07.03.2024 година и ќе заврши на 20.03.2024 година.

ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје

Извршен директор

Лилјана Гајдоска